Врз основа на член 7 став 5 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16 и 190/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.12.2016 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот за висината на надоместоци бр. 03-07 од 16.11.2016 година, донесен од Собранието на Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија на седницата, одржана на 16.11.2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 42-8345/1**
**21 декември 2016 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Владимир Пешевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ